Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 54/0306
15.02 2019 год.
Скопје

13.02.2019

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 12 февруари 2019 година, врз основа на примена жалба од Бојана Скендеровски, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Во изданијата на програмскиот блок „Мода“, емитувани на 18, 21, 22 и 23 јануари 2019 година на Телевизија „1 ТВ“, прекршен е Кодексот на новинарите во членовите 7 и 16.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 24 јануари 2019 година, водителка Бојана Скендеровски поднесе жалба за четири изданија на програмскиот блок „Мода“ со Сергеј Варошлија, емитувани на 18, 21, 22 и 23 јануари 2019 година, во рамките на актуелно-информативниот појас на Телевизијата „1 ТВ“ (www.1tv.mk).

Во жалбата се посочува дека наведените изданија на емисијата „Мода“ содржат нарушување на приватноста и навреда.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Телевизија „1 ТВ“ и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Од телевизијата одговорија на наводите на жалителот.

Од 1 ТВ ги отфрлаат како целосно неосновани забелешките во претставката на Бојана Скендеровски. Појаснуваат дека програмскиот блок „Мода“ е од забавен карактер, во кој се дава стручно мислење и се коментираат на хумористичен начин модните креации и облеки на личности од фотографии, кои се јавно поставени на социјалните мрежи.

Медиумиот ги отфрла сите наводи на Скендеровски, вклучително и за нарушување на приватноста. Велат дека фотографиите, кои се предмет на коментар на водителот, Сергеј Варошлија, се преземени од Инстаграм и оти правилата на социјалните мрежи налагале дека со објавувањето на приватните фотографии, жалителката изрично прифатила тие да станат јавна информација, која може секој да ја види, ако има или нема сметка на Инстаграм.

*„Истакнуваме дека во конкретниот случај, жалителката, самата извршила нарушување на својата приватност, со споделување на фотографијата која ја направила достапна на увид и користење на јавноста со нејзина објава на Инстаграм профил на интернет. Од тука може да се заклучи дека оваа фотографија била достапна на јавноста само и исклучиво по дејствија и волја на жалителката“,* посочуваат од 1ТВ во одговорот на претставката на Скендеровски.

Од телевизијата, меѓу другото, ги отфрлаат како неосновани и наводите на жалителката дека оспорените емисии содржеле навреда. Од „1ТВ“ наведуваат дека водителот на емисијата во ниту еден момент не употребил навреди, ниту погрдни зборови кон Скендеровски.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата во однос на содржината е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 7 и 16.

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост“.*

***Член 16:*** *„Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различностите на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги своите колеги“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 12 февруари 2019 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши детален увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата, најнапред, констатираа дека во четирите оспорени изданија на емисијата „Мода“, модниот критичар, Сергеј Варошлија, јавно го коментира изгледот и начинот на облекување на повеќе девојки и момчиња, вклучително и на подносителката на жалбата, ТВ водителката Бојана Скендеровски, користејќи нејзини приватни фотографии, преземени од социјалните мрежи. Комисијата се согласи дека подносителката на жалбата е јавна личност и може да подлежи на јавна критика, но во исто време, се согласи и дека остварувањето на слобода на изразување, со себе носи обврски и одговорности, за кои, вработените во медиумите мора да водат сметка.

При разгледувањето на оспорената содржина, членовите на Комисијата препознаа тенденциозност кај водителот Варошлија, од причина што, подносителката на жалбата, Бојана Скендеровски е предмет на негова јавна критика во четири изданија на емисијата во кус временски интервал. Модниот критичар во емисијата повеќе пати користи непримерни коментари и користи јазик, кој содржи елементи на подбив и исмејување. Оттука, Комисијата најде дека водителот и моден критичар Варошлија отстапил од членот 16 од Кодексот на новинарите, кој налага дека новинарот нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги. Во својата работа, новинарите треба да настојуваат да одржат баланс помеѓу чесна конкурентност и професионална солидарност. Ваквата отстапка се забележува во повеќе коментари на водителот Варошлија на сметка на Скендеровски:

***„Овдека личи како Лила Филиповска да се мутирала, така изгледа, како мутација на Лила, како со кал шминкана. Да, овдека изгледа како да ѝ е некоја родина на Лила, ама прастара. Не! Лоша коса, лоши веѓи, лоши трепки, лошо сѐ, каљосана во лицето. Не!“***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

***„Ова изгледа како фотографија од пред 15-ина години на некоја си лоша водителка. Така изгледа. Не! Катастрофа!“***

Ниту новинарите, ниту уредниците не би смееле да си дозволат да се пресметуваат со своите колеги преку сопствените медиуми. Таквото однесување не само што го намалува нивниот интегритет и достоинство, туку ја урива и репутацијата на новинарската професија воопшто и ја намалува довербата на јавноста во медиумите.

Анализирајќи ги оспорените изданија на емисијата „Мода“, Комисијата утврди дека водителот користи и коментира и фотографии на личности, кои не се јавни, а со тоа, презентира информации кои немаат јавен интерес. Ова, особено, е забележително во емисијата, емитувана на 21 јануари, каде што модниот критичар, коментирајќи фејсбук статус на Скендеровски, користи и коментира фотографии и на други лица, кои како што посочува самиот, ја поддржале водителката на социјалните мрежи во критиките против Варошлија:

***„Погледнете ја оваа исто така поддржувачка на статусите на Бојана. Сукња чаршав, блузиче врзано во врвче“.***

***„Погледнете го овој господин, ако може господин да се нарече.. Он најде да зборува за мода и изглед. Ликот сам за себе говори“.***

***„Или овој дечко. Овој дечко ќе зборува за стил? Како може, кога овој дечко не знае што е ни стил. Од „М“ не знае што е мода“.***

***„Или оваа госпоѓа, која изгледа како урочена, како да ја искасале оси, како да има мртва мачка на косата“.***

Комисијата заклучи дека лицата од горенаведените коментари, не се ниту избрани, ниту именувани функционери, ниту пак се политички личности и не може да се сметаат за јавен интерес за да преовладува над приватниот интерес, кој е заштитен со чл.4-а од Законот за заштита на личните податоци.

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност. Ова од причини, што медиумите мораат да направат јасна проценка дали правото на јавноста да биде информирана преовладува над правото на личноста да ја заштити својата приватност. Оттука, Комисијата се согласи дека во емисијата е прекршен и членот 7 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес.

Без да навлегува во регулативите на социјалните мрежи дали е дозволено преземање и користење на јавно поставени фотографии, Комисијата се согласи дека Варошлија, требало да побара и да добие дозвола за објавување на фотографиите. Тоа е јасно пропишано и во

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

чл.6 ст.1 алинеја 1 од Законот за заштита на личните податоци, во кој, се вели дека обработката на личните податоци може да се врши по претходно добиена согласност на субјектот на лични податоци.

* * *

**Комисијата при одлучувањето го зеде предвид и:**

* **Членот 25 од Уставот**, во кој се вели дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот.

* **Пресудата на Европскиот суд за човекови права Von Hannover v. Germany, 2004, § 60**., каде во правењето разлика меѓу дебата од јавен интерес и заштита на приватниот живот, Судот го предвиде следново:

„Судот смета дека треба да се направи сериозна разлика меѓу објавувањето факти – дури и контроверзни – што можат да придонесат за дебатата во едно демократско општество, а се однесуваат, на пример, на политичарите во извршувањето на нивните функции и на објавувањето детали за приватниот живот на некое лице, кое што, уште повеќе, дури не ни извршува официјална функција“.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија „1 ТВ“ (www.1tv.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595